КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# Јули 2022




# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)

www.mapas.mk 02/3224-229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Позитивните полугодишни финансиски резултати (подобри од очекуваните) на повеќе глобални компании, како и позитивната перцепција на пазарите за најавите за поприлаглодливо зголемување на каматните стапки во иднина од страна на Федерални резерви на САД, доведоа до најголем месечен раст на пазарите на капитал во САД и Европа во последните дваесет месеци.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот се зголеми за 6,86%, а најголем раст имаа американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) со раст од 9,11% и европските акции (мерени преку STOXX 600 индексот) со раст од 7,64%. Од почеток на годината сите региони ја намалија вредноста, а на крајот на месецот акциите на компаниите од земјите во развој (мерени преку MSCI Emerging Market индексот) имаа најголем пад од 19,34%.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик

MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој

STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)

S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација

MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на месецот вредноста на МБИ 10 индексот се зголеми за 1,61%.

Најголем раст во текот на месец јули имаа акциите на Стопанска Банка Скопје со раст од 5,29% и Комерцијална Банка со раст од 4,66%, а најголем пад во текот на месецот имаа акциите на Стопанска Банка Битола со пад од 9,31%.

Од почеток на годината најголем раст имаат акциите на Стопанска Банка Скопје, Комерцијална Банка и Македонски Телеком, а најголем пад имаат акциите на Стопанска Банка Битола и НЛБ Банка.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

После континуираното зголемување на приносите на државните обврзници од почетокот на годината, во текот на месец јули дојде до намалување на истите, а пред сè заради сè почестите проценки за можна рецесија и најавите за поадаптиблина монетарна политика на Федерални резерви на САД (во однос на следните зголемувања на референтните каматни стапки).

На крајот на месецот, највисок принос од анализираните обврзници имаше македонската со принос од 5,99%, додека јапонската десетгодишна обврзница има најнизок принос од 0,19%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

После големиот раст на руската рубља (RUB) во претходните месеци, во текот на месец јули истата ја намали вредноста во однос на еврото за 10,23%. Останатите анализирани валути во текот на месецот ја зголемија вредноста.

Од почеток на годината најголем раст имаа руската рубља со раст од 35.04% и американскиот долар (USD) чија вредност се зголеми за 11,28%, додека единствено јапонскиот јен (JPY) ја намали вредноста во однос на еврото.

Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*